Бр. 12-1133/1
17.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице од ---------- – ----------, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 2171/1 од 02.04.2019 година на подносителот ------------------------, од ------------------ – -------------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2171 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2171/1 од 02.04.2019 година.

Предметот со број 12-2171 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2171 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 2171/1 од 02.04.2019 година, од познат подносител – лицето ------------------------------, --------------- – --------------.

Со пријавата се изразува незадоволство од постапка за извршување по Налог за извршување врз плата и други парични побарувања И.бр. --------------- од --------------- година издаден од извршителот -------------- од -------------. Во посочената постапка подносителот на пријавата бил странка - должник и му била определена забрана за исплата на 1/3 од личните примања/------------- во корист на доверителот по извршна исправа Заклучок И.бр. ------------- од --------------- година на -------------- --------- од -------------------.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги имаше во предвид и се раководеше од содржината на актите и на одлуките на надлежните органи донесени во постапките кои и претходеле на спорната постапка за извршување – Решение -------------- од ------------------ година на Основниот суд ---------------, Налог за извршување и Заклучок за утврдување на трошоци за извршување И.бр. --------------- од --------------------- година на извршителот ------------- од ----------- и другата придружна документација.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________
________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Од сите расположиви списи-документација Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во постапките во кои подносителот на пријавата бил странка истиот ги користел сите правни средства по кои се водени постапки пред надлежните судови во Република Северна Македонија, дека незадоволен од целата состојба и од одлуките на надлежните органи, во врска со одредени свои сомневања, поднел кривична пријава против -------------- -------------- ----------- по која постапувало Основното јавно обвинителство ------------- како и дека истото, по преземени мерки и активности, со Решение ---------------- од ---------------, предметната кривична пријава за сторено кривично дело -------------------- од член -------------- од Кривичниот законик ја отфрлило.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, земајќи во предвид дека се работи за лично незадоволство на подносителот од постапувањето на наведените службени лица, а кое е резултат на неговото незадоволство од исходот на постапката(ите) во кои истиот бил странка, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи/основ за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, дотолку повеќе што подносителот на пријавата како незадоволна странка имал можност и користел правни средства против одлуките донесени од надлежните судови/органи/институции во постапките на кои се однесува предметната пријава.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Odlučeno na den 14 fevruari 2020 godina pod br. 12- 1133/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Република Северна Македонија • ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА • Скопје • Shkup • KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT • Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :

- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk